120
13.4.

**ДП. бр. 36**
Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Алберто Ребула извршител, Претседател на Дисциплинска комисија, Гордан Станковиќ извршител како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Весна Богдановска Основен суд Скопје 2 Скопје, судија Софија Миленкова Основен суд Скопје 2 Скопје, судија Анѓелина Поповска Основен суд Скопје 1 Скопје и записничар Билјана Николовска, постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.516 од 12.12.2008 г на Управен одбор на КИРМ, по одржан главен претрес на ден 21.04.2010 г. и 26.04.2010 г, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Обвинетиот Х.Ј. од С. извршител именуван за Основен суд Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје, се огласува за виновен за сторено дело неуредност по член 54 ст 1 вв ст.2 од Законот за извршување

поради тоа што:

при при спроведување на извршувањето по предмет И.бр.239/06, јавното надавање одржано на ден 23.01.2007 година не е превземено во склад со Законот за извршување, подзаконските акти, и акгите на извршителот. Ова од причини што јавното надавање кое било закажано на ден 22.01.2007 година објавено во јавно гласило и за кое биле известени сите лица согласно член 167 од Законот за извршување не било одржано заради непостоење на технички услови за продажба поради спреченост на полномошникот на доверителите да присуствува на закажаното надавање. Спреченоста на заинтересираните лица за присуство на јавното надавање е констатирана со записник од 22.01.2007 година во кој е наведено дека дополнително ќе се закаже нов термин и локација за јавното надавње за што ќе бидат известени лицата предвидени во Законот за извршување. Следното наддавње е одржано на 23.01.2007 година на кое присуствувал само полномошникот на доверителот, а другите лица не биле известени за денот и местото на одржување на јавното надавање. Ваквото постапување на извршителот е спротивно на одредбите од член 167 став 4 од Законот за извршување во делот на извршување врз недвижности, со што извршителот Х.Ј. од С сторил неуредност од членот 54 ст.1 вв ст.2 од Законот за извршување

па му се изрекува



парична казна поради неуредност во висина на 250 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на уплата

Образложение

Управниот одбор при КИРМ на ден 12.12.2008 година со Решение бр.516 од 09.04.2009 година достави до Дисциплинската Комисија на КИРМ предлог за поведување на дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда на извршител Х.Ј. од С. во врска со негов предмет И.бр. 239/06 а врз основа на извештајот на Министерство за правда бр.08-4388/2 од 28.06.2007 година, за извршен вонреден надзор над работењето на извршителот спроведен на ден 22.06.2007 и 25.06.2007 година, од страна на Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, со увид во предмет И.бр.239/06. Надзорот е направен со увид во списи на предметот И.бр.239/06, доверител "Е.Б." АД Скопје и хипотекарен должник "Ф. К." и поголема група физички лица.Извештајот е доставен до Комората на извршители на РМ и по повод кој заведен е дисциплински предмет ДП.бр.36, истиот со Решение ДП.36 од 22.05.2008 година е проследен до Управниот Одбор на КИРМ на надлежност од причина што пријавата од Министерството за правда се отфрла од причина е поднесена од неовластен подносител.

Дисциплинската комисија при КИРМ на седница одржана на ден 05.05.2009 година донесе Решение ДП. бр. 36 со кое се поведува постапка за сторена дисциплинска повреда на извршител Х.Ј. од С., по повод предлогот за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор при КИРМ на ден 12.12.2008, во врска со негов предмет И.бр. 239/06. Против ова решание за поведување на дисциплинска постапка извршителот Х.Ј. од Скопје на ден 22.06.2009 година поднесе жалба до Министерот за правда на РМ барајќи решението на Дисциплинската комисија да се укине и да се врати на повторно одлучување. Министерот за правда на РМ со Решение бр. 09-2931/2 на ден 07.07.2009 година жалбата на извршител Х.Ј. ја одби како недопуштена.
ДК при КИРМ на седница на ден 08.02.2010 година го одложи главниот претрес и со Заклучок ДП.бр. 36 го задолжи Управниот одбор да го прецизира своето решение за давање предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител Х.Ј. од Скопје од 12.12.2009 год.
На ден 09.04.2010 година Управниот одбор на КИРМ достави Решение за прецизирање на Решението бр.516 на Управниот одбор на Комората на извршители на Република



Македонија донесено на 09.04.2009 година со кое се предлага поведување дисциплинска постапка за сторена повреда на извршител Х.Ј. од Скопје во врска со И.бр.239/06. Понатаму, на ден 16.04.2010 година Управниот одбор на КИРМ достави Решение за прецизирање на Решението бр.516 на Управниот одбор на

Комората на извршители на Република Македонија донесено на 09.04.2010 година со кое се прецизира дисциплинската повредата која му се става товар на извршителот, па се предлага поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска повреда по чл. 54 ст. 3 т б од Законот.за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08). Управниот одбор на ден 221.04.2010 година со Одлука бр.570 од 22.04.2010 година ја отповика одлука на УО со која се овластува претставникот на УО, да го преквалификува и усогласи обвинението согласно изведените докази во текот на главен претрес против извршител Х.Ј. од С. одржан на 21.04.2010 година, по

Дисциплински предмет ДП.бр. 36 бидејќи во текот на постапката по изведените докази се утврдило дека обвинетиот Х.Ј. од С. не ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар туку сторил полесна повреда и се изврши прецизираше на предлогот на УО во поглед на повредата на извршител Х.Ј. од С. сторена при спроведување на извршувањето по негов И.бр.239/06 во предлог на УО до ДК за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител Х.Ј. за сторена неуредност согласно чл. 54.ст. 1 вв со ст.2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08).

Извршителот Х.Ј. именуван за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје, на ден 28.01.2008 година до Комората на извршители на РМ го достави свој образложен одговор до Дисциплинската Комисија одбивајќи ги наводите од предлогот во целост како неосновани.

Во своја одбрана извршителот наведе дека смета да не се работи за повредата за која се товари од причини што во конкретниот случај постапувал совесно и без да ја загрози довербата во неговата непристрасност против било кои учесници во постапката. Извршителот потенцираше дека од страна на должникот, доверителите и третите лица се поднесувани приговори до претседателот на основниот суд и сите се одбиени како неосновани, согласно што сите акти на извршителот ја поминале проверката пред судот што значи дека нене се утврдени неправилности при спроведувањето на извршувањето по овој предмет. Понатаму, извршителот наведе дека закажаната лицитација на ден 22.01.2007 година била објавена во дневен печат и видно од доказите што ги достави на увид на комисијата и изводите од посебна сметка на извршителот од ден 01.01.2007 до 23.01.2007 година ниедно заинтересирано лице нема положено гаранција за да учествува на закажаната лицитација. Како неспорна оклоност извршителот ја смета спремноста на доверителот тој да ги превземе објектите на таа лицитација, меѓутоа на денот на лицитацијата полномошникот на доверителот адв. С. С. бил физички спречен да влезе во просториите и да лицитира, бидејќи пред канцеларија на извршителот имало толпа од луѓе со транспаренти кои го оневозможувале пристапот до просториите на извршителот. Од овие причини а заради безбедност на извршителот биле присутни и двајца претставници на полицијата во неговата канцеларија. Поради немање на технички услови за одржување на лицитацијата т.е физичка спреченост на полномошникот да лицитира извршителот констатирал дека нема услови за да се држи лицитацијата тој ден и според него тој ден фактички имало прекин на постапката поради вонредни околности што се применува како институт и во судската постапка, како што е регулирано и со Закон за парничната постапка, и постапката би требало да продолжи под истите услови како што е прекината кога ќе се создадат нормални услови за тоа. Во конкретниот случај од причина што немало трето лице заинтересирано за лицитација, единствен лицитант бил доверителот, кога се смирила ситуацијата, продажбата била реализирана наредниот ден под условите од предходниот ден. Според извршителот погрешно било толкувањето од обвинението дека се работи за нова продажба од причина што се работи за продолжение на продажбата од предходниот ден. Доколку би закажал нова продажба тогаш би се довела во прашање неговата непристрасност бидејќи доверителот би бил ставен во понеповолна положба ако на третата продажба се јави и друго заинтересирано лице. По спроведената продажбата а на предлог на полномошникот на трети лица З.Д. адвокат од С., на ден 22.06.2007 сум извршителот донел Заклучок за враќање во поранешна состојба и ја укинал продажбата како и сите последователни дејствија после тоа. Овој заклучок бил донесен врз основа на одредбите од Законот за парничната постапка, кој согласно член 10 од Законот за извршување супсидијарно се применува при извршувањето, односно извршителот смета дека неговиот заклучок докажува за непостоењето на пристрасност ниту кон доверителот, а освен тоа овој заклучок за враќање во поранешна состојба ја поминал и судската контрола бидејќи доверителот поднел приговор до судот и претседателот на

Основниот суд во Скопје со Решение ППНИ бр. 583/07 од 11.07.2007 го отфрлил како недозволен, против ова решение е поднесена жалба која од страна на Апелациониот Суд со Решение ССЖ бр. 1843/07 е отфрлена. Извршителот смета дека не постојат штетни последици за никого со ваквиот начин на постапување при извршувањето а во случај на немање штетни последици не постои ни дисциплинска повреда сторена од страна на извршителот.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 26.04.2010 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај од Министерство за правда бр.08-4388/2 од 28.06.2007 година;
Налог за извршување по чл. 154 И. бр. 239/06 од 03.10.2006 година;
Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје ИПР бр.87/06 од 20.10.2006 година;
Решение на Основен суд Скопје 2 Скопје ИПИД бр.57/06 од 23,10.2006 година; Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје ИПР бр.87/06 од 23.10.2006 година;
Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје ИПР бр. 87/06 од 17.01.2007 година; Записник за продажба И.бр. 239/06 од 22.01.2007 година;
Записник за продажба на недвижност И.бр.239/06 од 23.01.2007 година;
Барање за враќање во поранешна состојба од ден 22.06.2007 година;
Заклучок И.бр 239/ 06 од 22.06.2007 година;
Решение на Основен суд Скопје 2 Скопје ППНИ бр.583/07 од 11.07.2007 година;
Решение на Апелационен суд Скопје ССЖ бр. 843/07 од 18.10.2007 година;
Извод број 1 до број 14 од посебна сметка на извршител бр.... Комерцијална банка АД Скопје, за период од 03.01.2007 година до 23.01.2007 година.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во Предлогот на Управниот одбор на КИРМ, одговорот на извршител па ценејќи ги сите докази оделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Доверителот "Е.Б." А.Д. Скопје преку својот полномошник, адвокат С. С., на 20.09.2006 година иницирал присилно извршување на нотарскиот акт ОДУ бр. 408/05, од 27.12 2005 година на нотар Н.П. од Скопје, и ОДУ бр. 1362/05, од 27.12. 2005 година на нотар Б.С. од Скопје. Како должници во барањето за извршување посочени се ТД Ф. К." и дванаесет физички лица по нотарскиот акт ОДУ бр. 408/05 и ТД „Ф. К." и три физички лица по нотарски акт ОДУ бр. 1362/05. Во досието на предметот постои уредно полномошно за адвокатот С., како и фактура 83/06 од 20.09 2006 година по која извршителот наплатил цена за администрирање на предметот.

Со увид во нотарскиот акт ОДУ бр. 408/05 од 27.12 2005 година на нотар Н.П. од Скопје се констатира дека се работи за воспоставување на заложно право - хипотека во корист на Е.Б. заради обезбедување на рамковен револвинг кредит врз започнати колективни стамбени згради со деловен простор кој се гради врз земјишта на ул.Ристо Равановски-2, Иво Рибар Лола бр.65-6, Иво Рибар Лола 64-6, Д.Аницин 15, 9- ти

Мај бр.9. На нотарскиот акт е ставена клаузула на извршност од страна на нотарот на 04.09.2006 година.

Со увид во нотарскиот акт ОДУ бр. 1362/05, од 27.12.2005 година на нотар Б.С. од С. се констатира дека се работи за воспоставување на заложно право - хипотека во корист на Е.Б. заради обезбедување на рамковен револвинг кредит врз иден недвижен имот - 2 стамбени згради со деловен простор кој се гради врз земјишта на ул. Иван Козаров бр.42 и 44, и Иван Козаров б.б. со клаузула на извршност од страна на нотар од 06.09.2006 година.

На ден 3.10.2006 година, извршителот Х.Ј. издал Налог за извршување врз недвижност согласно чл. 154 од ЗИ. Во кој се определува дека се спроведува извршување врз недвижност на заложни должници и тоа објекти на улица Ристо Ровановски-2 површина од 423 м2, ул Иво Лола Рибар бр.бб-в површина 1756 м2, на ул. Иво Рибар Лола 65-6 површина од 176 м2, , на улица Иво Рибар Лола 65-6 површина, ул. 253 м2, ул. Иво Рибар Лола 64-123 површина 1686 м2, ул. Д. Аницин бр.15 површина од 253 м2, ул. 9ти Мај бр.9 површина од 253м2, ул. Д. Аницин бр.15 и ул. 9ти Мај површина од 1775м2 и на ул.Иван Козаров' бр.42 и 44 На овој начин извршителот сакал да наплати главен долг во износ од 81 424 455, 00 денари и камата од 1424.455,00 денари. Налогот за извршуаање назначено е да се достави до доверителот, должниците, ДЗГР и судот. На 17. 10. 2006 година во канцеларијата на извршителот од страна на адвокат Л.В.од Скопје доставен е допис со кој шт го известува дека е во тек парнична постапка по поднесена тужба на група тужители против Е.Б. Ф.К. Скопје и физичките лица кои како заложни должници се утврдени во нотарскиот акт заверен кај нотар Б. С.. Барано е поништување на хипотеката врз иден недвижен имот на ул. Иван Козаров (во јавноста позната како

КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Антигона"). Со оглед дека е побарано и изрекување на привремена мерка -забрана за располагање со недвижноста - адвокатот побарал извршителот да донесе заклучок за запирање на извршувањето према објектот "Антигона", заради оспорената хипотека. На ден 18.10.2006 година, до извршителот Х.Ј. Претседателот на Основниот суд Скопје 1 Скопје доставил приговор од 74 физички лица, кои како зажтересгоани страни, барале одложување на извошувањето, започнато од стоана на изеаштеп Х.Ј. се до гравосипно завршување на постапките за поништување на нотарските акго ОДУ бр. 40805 и ОДУ бр.1362Д35. Притоа, 22 лица се купувачи на станови во зградата "Николина", 40 лица се купувачи на станови во зградата "Антигона 1" и 12 лица се купувачи на станови во објектот"Филип". Побарано било доставување на одговор на доставените приговори во рок од 24 часа. На ден 19.10.2006 година претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје до извршителот Х.Ј. доставил приговори од 40 физички лица, како купувачи на станови во објектот "Антигона", со барање да се запре започнатото извршување.Претседателот на судот побарап извршителот да достави одговор на доставените приговори во рок од 24 часа. На ден 20.10.2006 година, во рокот определен од страна на претседателите на судовите извршитепот Х.Ј. доставил одговори на поднесените приговори до Основниот Суд Скопје 1 Скопје, како и до претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје. Во одговорите тој нагласил дека во приговорите подносителите не истакнуваат конкретно барање во насока на отстранување на неправилности во извршувањето, туку дека бараат од судот да му наложи да не ја води постапката за извршување во ситуација на уредно поднесено барање за извршување на уредна извршна исправа со клаузула на извршност која што е подобна за извршување. На 20.10. 2006 година претседателот на основниот суд со решение ИПР.бр.87/06 приговорите ги одбил со образложение дека наводите од приговорите не претставуваат причини за сторени неправилности по чл.77 од ЗИ, и не може судот да навлегува во ооснованоота на нотарскиот акт туку тоа се причини кои ќе ги цени парничниот судија во постапка по жалба за поништување на нотарскиот акт, судот го одбил и барањето на учесниците за одлагање на извршувањето бидејќи

причините за одлагање не се основ по чл. 81 ст.4 од ЗИ. Извршувањето се спроведува врз основа на нотарските акги, нема никакви законски пречки извршувањето да се одложи и истите нотарски акти произведуваат правно дејство. На ден 23. 10. 2006 година претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје постапувајќи по приговорите

поднесени протш извршителот Јованов во делот на зградите "Николина" и "Филип", донел решенија И.П.И.Д бр.67/06 и И.П.И.Д бр. 5/06 со кои што Основниот суд Скопје 2 Скопје се огласува за месно ненадлежен за одлучување по приговорите, и предметот го преотстапува на Основниот суд Скопје 1 Скопје. По однос на приговорите против извршителот Ј. во однос на објектот " Антигона ", приговорите се одбиени бидејќи налогот за извршување е донесен воз основа на извршен нотарски акт а не врз основа на доказите кои ги приложиле подносителите на приговорот, а не постоеле ниту условите за одлагање на извршувањето од член 81 став 4 од Законот за извршување. Со цел да пристапи кон извршувањето, извршителот се обратип со барање за прибирање на основни податоци за фирмата Ф.К. до Централниот регистар на РМ, од каде што на 23.10.2006 година ги добил бараните податоци за седиште, основачки влог, сопственици и овластено лице за застапување на правното лице. Откако ги примил решенијата на претседателите на судовите дека приговорите се одбиени како неосновани, на 26.10 2006 година извршителот Ј. преку истражниот затвор "Скопје" Скопје го доставил Налогот за извршување ИБР бр. 239/06 од 3.10 2006 година, со цел истиот да се достави до Н.Н. - управител на Ф.К. С.. На ден 25.10. 2006 година Основниот суд Скопје 2 Скопје, постапувајќи по парничниот предмет за поништување на ОДУ бр.1361/05 од 27.12.2005 година на нотарот Боривоје Стојковски, донел Решение У.П.бр.2254/06 за изрекување на привремена мерка, со која што им се забранува на тужените да располагаат со објектот на улица "Иван Козаров", познат како "Антигона 1". Притоа, судот навел решението да биде доставено до полномошникот на тужителите, полномошникот на "Е.Б.", на Ф.К. и на физичките лица - заложните должници (сопственици на земјиштата на кои што се гради објектот). Решението на судот кај извршителот е примено на ден 7.11.2006 година. На ден 26.10.2006 година, полномошникот на доверителот "Е.Б." доставил податоци за законските наследници на еден од заложните должници кој во меѓувреме починал. На 6.11.2006 година Основниот суд Скопје 2 Скопје, преку истражен судија, со Решение КИ.БР.697/06 го уважил предлогот на ОЈО Скопје и полномошникот на оштетените Л. В., и определил привремени мерки за обезбедување на имотно - правните на обвинетите сопружници Н. и Ф.К. С.. Притоа, судот забранил отуѓување, оптоварување или друго располагање со следниот имот:

1. подрум на улица "Козле" бр. 4/Б -16м2, и земјиште во површина 170м2 на улица "Козле" - сопственост на Ф.К.,
2. 10/128 идеален дел од зграда стан 1 на улица "Димитар Аницин бр.15 со површина од 64м2, сопственост на Ф.К.,
3. 1/3 од идеален дел од зграда стан 1 на улица "Иво Лола Рибар", бр. 64 - со површина од 31 м2, сопственост на Ф.К.,
4. стан број 3 на улица "Марко Цепенков", површина 174 м2, сопственост на Ф.К.
5. стан број 4 на улица "Наум Охридски" 6-Б, површина 132 м2, сопственост на Ф.К.
6. 2/8 идеален дел од КП 790 на улица "Иван Козаров" бр.42 - површина 144м2и стан 1 со површина од 33м2, сопственост на Ф.К.,
7. 1/10 идеален дел од зграда на улица "Емил Зола" бр.4, со површина од 5702 м2, сопственост на Ф.К.,
8. 1/10 идеален дел од зграда на улица "Емил Зола" бр.4, со површина од 5705м2, сопственост на В.Н..
9. 1/2 идеален дел од стан бр.23 на улица "Јане Сандански" бр.34/1-23, со површина 123м2,
10. 1/2 идеален дел од стан бр. 23 од 123м2 на улица Јане Сандански, сопственост на Н. Н.,
11. Деловен простор од 24м2, на улица "Иво Рибар Лола" бр.72-6, сопственост на Н. Н..

Едновремено, забрането било и отуѓување на три моторни возила: Ауди, Хјундаи и Фолксваген. Забрането бипо и располагањето со парични средства од сметките на Ф.К. и штедните книшки на Н. Н. и В.Н..

На 8 11.2006 година, извршителот Х.Ј. примил поднесок од доверителот "Е.Б." со кој што барал да се сопре извршувањето во одреден дел на улица "Д. Аницин"15 и на улица "9 мај" бр. 9, со укажување дека треба да се изврши промена и во Налогот за извршување од 03.10 2006 година. Решението КИ.БР.697/06 за определување на привремените мерки за обезбедување изречени од страна на Основниот суд Скопје 2 Скопје било обжалени и со решение жапбата на Е.Б. А.Д.С. е отфрлена како недозволена. На ден 1.12.2006 година извршителот Х.Ј. од С. врз основа на член 28 став 2 од Закон за извршување донел Заклучок за запирање на извршување по однос на заложните должници кои биле сопственици на земјиштата и објекгите кои се наоѓаат на улиците "Димитар Аницин" бр.15, улица "9 Мај" бр.9 Скопје , поради повлекување на барањето за извршување од доверителот "Е.Б." А.Д.С..

Извршителот Х.Ј., на ден 1.12 2006 година, постапувајќи согласно член 164 став 1 од Закон за извршување донел Заклучок за определување на вешто лице кое ќе врши процена на недвижностите - предмет на извршувањето, и тоа на улиците "Ристо Равановски" бр.2 , "Иво Рибар Лола" бр 66-6 "Иво Рибар Лола" бр. 65-6, "Иво Рибар Лола" бр. 64-6, и "Иво Рибар Лола" бр.64-б (објектите Николина и Филип). Објектите на улица "Иван Козаров (Антигона 1) не биле предмет на заклучокот. Во предметот се констатирани Извештаите за извршена проценка на стамбена зграда Филип (ул. Иво Рибар Лола 128 а) и зграда Николина (ул. Иво Рибар Лола 66-6) од страна на П. М.ДООЕЛ како овластени проценители од декември 2006 година. Притоа утврдена била вредност од 574.658,86 Еур за објектот Филип и 528.726,74 Еур за објектот Николина. На ден 15. 12. 2006 година извршителот Х.Ј. постапувајќи согласно член 165 од Закон за извршување донел Закпучок во кој што утврдил вредност на недвижностите при што утврдил дека: станбената зграда на улица "Иво Рибар Лола , бр. 66-6 позната како "Николина" има вредност од 528.726,74 евра; станбената зфада на улица "Иво Рибар Лола" бр.128-а позната како "Филип" има вредност од 574.658,86 евра. Почетната цена за продажба на овие недвижности изнесувала 1.103.385,00 евра.

На 28 12 2006 година извршителот постапувајќи согласно член 167 од Закон за извршување, донел Заклучок за јавна продажба. Продажбата била закажана за 22 01 2007 година, во 10 часот, во просториите на извршителот Х.Ј. Притоа извршителот заклучокот го доставил до странките, заложните доверители, учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата. Заклучокот било одлучено да биде објавен во дневниот весник „Бизнис, Заклучокот е експедиран на 29.12.2006 година. Преку истражниот затвор Скопје заклучоците за: определување на вешто лице од 01.12 2006 година, за утврдување на вредност на недвижноста од 15.12 2006 година и за усна јавна продажба од 28.12 2006 година се доставени и до Н. Н. од С., управител на Ф.К. ДООЕЛ С..

Претседателот на Основен суд Скопје 1 Скопје на 15.01.2007 година до извршителот Х.Ј. доставил приговор против заклучокот за јавна продажба на произнесување, поднесен од 22 физички лица, купувачи на станови во станбената зграда "НИКОЛИНА", и девет физички лица, купувачи на станови во станбената зграда "ФИЛИП" кои барале постапката да биде запрена. Тие меѓу другото спореле дека не им бил доставен заклучокот за продажба а тие себеси се сметале за учесници, како и тоа дека огласот бил објавен во весникот Бизнис, а повторно ја спореле и извршноста на нотарскиот акт. На ден 17.01.2007 година извршителот Х.Ј. доставил одговор на приговорот до Основниот суд Скопје 1 Скопје. Притоа, извршителот меѓу другото изјавил дека приговорот е неоснован, дека лицата подносители на приговорот не се учесници во извршната постапка туку во некоја друга постапка, дека весникот Бизнис е одбран бидејќи е читан од бизнис заедницата во земјата која пак можела да се јави единствено како купувач на објектите Николина и Филип со оглед на нивната вредност. На ден

17.01. 2007 година претседателот на Основниот суд Скопје 1 со решение го одбил приговорот како неоснован и притоа претседателот на судот нашол дека: „наводите во приговорот не претставуваат причини за сторени неправилности согласно член 77 од Закон за извршување... дека објектите постојат а тоа е утврдено од страна на овластен проценител и тоа Филип 80% а Николина 47%, а покрај нив заложено е и правото на сопственост на идната недвижност... дека заклучокот е доставен до сите лица наведени во Закон за извршување... дека наводите за извршноста на нотарскиот акт се веќе ценети и одбиени претходно и дека таа е извршна исправа по која извршителот постапува, дека нема никаков доказ дека објектот НИКОЛИНА е сопственост на Ф.К. туку исклучиво на физичките лица- заложни должници, а објектот ФИЛИП не е предмет на времена мерка па оттука произлегува дека извршителот нема сторено неправилности при извршувањето и заклучокот е издаден согласно одредбите на Закон за извршување."

На ден 22.01.2007 година во 9,40 часот во канцеларијата на извршителот полномошникот на 22 физички лица-купувачи на станови во станбената зграда "Николина" и едно физичко лице купувач на стан во станбената зграда "Филип" поднеле предлог за одложување на извршувањето, со образложение дека е поднесен предлог за издавање на привремена мерка до Основниот суд Скопје 2 Скопје, со која што би се



забранило извршителот Х.Ј. да продолжи со извршувањето.

На ден 22.01.2007 година, за кога било закажано јавното наддавање, во канцеларијата на извршителот не се појавиле ниту доверителите ниту должниците, ниту пак заложните доверители. Притоа, на записникот е констатирано дека полномошникот на "Е.Б.", С.С., се јавил телефонски во канцеларијата на извршителот и кажал дека поголема група луѓе од околу педесетина души, кои се претставувале како здружувачи, не му овозможиле влез во просториите на извршителот. Биле присутни и двајца полицајци од Полициска станица Центар Скопје. Бидејќи извршителот утврдил дека не постојат технички услови за продажба поради спреченост на полномошникот на доверителот да присуствува на закажаното наддавање, наддавањето не се одржало. Извршителот утврдил дека дополнително ќе се закаже нов термин на ова закажано наддавање, како и дополнителна локација на наддавањето, за што ќе бидат известени лицата предвидени во законот.

На ден 23.01.2007 година во 8,30 часот извршителот изготвил Записник за продажба на недвижноста со усно јавно наддавање, при што ставил забелешка дека "извршителот, откако обезбеди технички услови за непречено одвивање на закажаното наддавање за ден 22.01 2007 година, кое не беше започнато поради спреченост на полномошникот на доверителот да присуствува на истото од страна на поголем број на лица, а заради обезбедување на идентични услови како на ден 22.01.2007 година, од аспект на потенцијални учесници во наддавањето, продолжи со прекинатите дејствија.", бил присутен адвокатот на заложниот доверител, во Записникот извршителот навел: „ Пред почетокот на наддавањето за продажба на недвижностите се констатира дека во предметот постојат докази за сопственоста на заложните должници врз недвижноста

што е предмет на продажбата; Заклучокот за продажба со усно јавно наддавање е уредно објавен и дека изминале 15 дена од објавувањето; Заклучокот за продажба е доставен до сите лица за кои е пропишано дека им се доставува; наддсвањето се одржува во просторијата определена со заклучокот за продажба; со закпучокот е утврдена вредноста на недвижноста; на продажбата не присусутвуваат понудувачи и лица што се пријавиле за учество во јавното наддавање кои претходно положиле гаранција освен лицатат и тоа пол. на заложниот доверител, кој е ослободен од полагање на гаранција, бидејќи од висината на износот на побарувањето на заложниот доверител, се утврдуча дека побаруеањето (87.299.177,5 ден-според допис од 22.01.2007) го надминува износот на потребната гаранција за учество во наддавањето (согласно член 171 точка 3 од Закон за извршување). Притоа доверителот понудил 528.726.74 евра за станбената зграда "Николина" и 574.658,86 евра за станбената зграда "Филип", заради што извршителот утврдил дека тој е најповолниот понудувач и дека нему му се продаваат недивжностите.

На ден 24.01 2007 година кривичниот совет на Основниот суд Скопје 2 Скопје донел Решение IX К.бр. 2516/06 со кое што не го уважил предлогот на ОЈО Скопје од 17.01 2007 година за времени мерки врз објектот "Николина" - на ул. Иво Рибар Лола" бр. 66 и објектот "Филип" -на ул. Иво Рибар Лола бр. 128-а. Притоа судот утврдил дека предмет на обвинителниот акт на ЈО не е идна недвижност - објект "Филип" на ул. Иво Рибар Лола бр. 128-а. Што се однесува до станбено-деловниот објект "Николина" на ул. Иво Рибар Лола" бр. 66, неспорна е околноста дека станува збор за идна недвижност, но нема никаков доказ дека станбениот објект "Николина" е сопственост на ФИКОМ, чии сопственици се обвинети, па оттаму најде дека не се исполнети условите од член 106 од ЗКП за издавање на привремена мерка за обезбедување на оштетените, дотолку повеќе што за нивно обештетување е донесено решение и определени се времени мерки со забрана на отугување, оптоварување или било какво располагање на недвижниот и подвижниот имот на обвинетите.
На 25.01.2007 година извршителот согласно член 174 став 4 составил заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање каде што констатирал дека „на наддавањето на 23.01.2007 година учествувал единствено доверителот како вдинствен заинтересиран, заради што извршителот нему му ги продал недвижностите по цена од 1.103.385,60 евра, односно 67.527.198,72 денари, што е износ повисоко од цената најавното наддавање при што констатирал дека побарувањето на доверителот - купувач е во износ повисок од цената постигната со јавното наддавање, се смвта дека доверителот како купувач воцвлост ја испопнил обврската за плаќање на купопродажната цена на недвижностите постигната на јавното наддавање." Заклучокот е одредено да се достави само до Е.Б. како учесник на наддавањето, со правна поука за право на тужба по рок 15 дена по член 175 став 4 и 5 од ЗИ.

На ден 31.01 2007 година, извршителот составил Заклучок за предавање на недвижноста во владение, каде што констатирап дека на купувачот "Е.Б." му се предаваат во владение објектите "Николина" и "Фипип".

На ден 09 02 2007 година извршителот постапувајки согласно член 192 од Закон за извршување, изготвил Записник за делба на износот постигнат со продажба на недвижност, при што утврдил дека ги намирува трошоците и наградата на име извршување во висина од 635.076,00 денари, трошоци на доверителот, трошоците за проценка и адвокатските трошоци во износ од 1.642.598,00 денари и дел од побарување по извршната исправа во висина од 65.249.524,00 денари.

На 12.02.2007 година извршителот постапувајќи согласно член 193 од Закон за извршување изготвил Заклучок за намирување и тоа: трошоци на извршување на доверител 1.642.598,00 денари, трошоци на извршителот во износ од 635.076,00

денари и дел од побарување по извршната исправа во висина од 65.249.524,00 денари. Заклучокот е доставен само до Е.Б. како единствен доверител кој полагал право на намирување.На 20.02 2007 година извршителот изготвил фактура во која што ги прикажал своите трошоци и наградата кои ги наплатил од "Е.Б.". На 22.02.2007 година извршителот до град Скопје - Сектор за финансии - Оделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци ги доставил записникот од 23.01.2007 година, заклучокот од 25.01.2007 година, нотарскиот актОДУ бр. 408/05 од 27.12.2005 година на нотар Н.П., како на орган надележен за наплата на јавни давачки.На 22.05.2007 година извршителот, приложувајќи го Заклучокот за намирување од 12.02.2007 година, го доставува до ДЗГР, со барање да се избрише заложното право запишано во корист на "Е.Б." А.Д. Скопје од имотните листови за објектите "Филип" и"Николина".

На ден 20.06.2007 година во канцеларијата на извршителот од страна на полномошникот на оштетените граѓани е доставено Решението на Основниот суд Сколје 2 Скопје под број XXIII П.бр.12117/07 од 17.05.2007 година, со кое што се усвојува предпогот за определување на привремена мерка поднесен од девет тужители и се забранува извршителот Х.Ј. да продолжи со извршување преку преземање на било какви извршни дејствија по однос на објекгот "Филип", што се наоѓа на улица "Иво Рибар Лола" бр. 64-6. Едновремено судот утврдил забрана на било кој нотар или извршител на територија на град Скопје, по предлог на "Е.Б." А.Д.Скопје да отпочне постапка за реализација на заложното право -хипотека, заснована во корист на хипотекарниот доверител "Е.Б." со ОДУ бр.408/05 од 27.12.2005 година, во делот што се однесува за идната недвижност - станбено - деловен објект "Филип". Притоа судот решението го доставил само до полномошникот Ѕ.Д. адвокат од С. и полномошникот на доверителот Е.Б. С.С. адвокат од С..
На 22.06.2007 година во 14 часот и 45 минути, полномошникот Ѕ.Д. адвокат од С. до извршителот Х.Ј. поднел барање за враќање во поранешна состојба.

На 22.06.2007 година извршителот донел Заклучок со кој што го усвоил барањето за враќање во поранешна состојба поднесено од адвокатот Ѕ.Д. и го укинал Записникот за продажба од 23.01.2007 година., Заклучокот за продажба од 25.01 2007 година, Заклучокот за предавање на недвижност во владение од 31.01 2007 година, Записникот за делба на износот од 9.02.2007 година и Заклучокот за намирување од 12.02 2007 година. Овој Закпучок е доставен до полномошникот на "Е.Б.", адвокатот Ѕ. Д., адвокатот Т., адвокатот В. и ДЗГР Скопје.

Од увидот во предметот се констатира дека јавното надавање одржано на ден 23. 01. 2007 година не е преземено во склад со Законот за извршување. Имено иако записникот од 22.01.2007 година ,за кога било закажано јавното надавање објавено во јавно гласило и за кое биле известени сите лица согласно со членот 167 од Законот за извршување, е констатирано дека не постојат технички услови за продажба поради



спреченост на полномошникот на доверителот да присуствува на закажаното наддавање заради што извршителот утврдил дека дополнително ќе се закаже нов термин на ова закажано наддавање, како и дополнителна локација на наддавањето за што ќе бидат известени лицата предвидени во Законот, тоа не е сторено. Следното наддавање е одржано на 23.01.2007 година во 8,30 часот за извршителот го известил

телефонски само полномошникот на заложниот доверител, а другите лица не биле известени. За оваа ситуација извршителот направил забелешки во Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање од 23.01.2007 година, но стореното е спротивно на одредбите од член 167 став 4 од Законот за извршување во делот извршување врз недвижности.

Дисциплинската комисија при одлучивање на основаноста за предлогот за дисциплинска постапка ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и усно на записник, но смета дека начинот на кој е спроведено усното јавното наддавање на ден 23.01.2007 година, со пропуштање да се известат за денот и местото на одржување на јавното наддавање лицата кои согласно закон треба да бидат известени, извршителот е сторил неуредност спротивно на законот, односно глава седумаесетта од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги имаше предвид олеснителните околности дека во време на сторување на делото извршителот се уште немал доволно искуство, како и околноста дека досега не му е изрекувана дисциплинска мерка и дека извршителот ефикасно соработувал со судовите и ги давал своите одговори во дадените рокови. Како отежнителни околности го ценеше фактот што со ваквото постапување на извршителот е предизвикана правна несигурност во однос на третите лица во правниот промет. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 21.04.2010 година согласно чл. 54 став 1 и став 2 в.в со чл. 55 став1 т. б од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08,) одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука :** против оваа одлука извршителот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена по приемот, преку Дисциплинска комисија при Комората на извршители на РМ, до Министерот за правда на РМ.

**Дн:** РМ Министерство за правда
Извршител Х.Ј. од Скопје
Претседател на КИРМ
Архива

**Записничар,**

Билјана Николовска

**Претседател на Дисциплинска комисија,**
Алберто Ребула